РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

---

# ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА
# ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА И ФОНДАЦИИТЕ ЗА 2019 ГОДИНА

Скопје, декември 2018 година

Врз основа на член 49 став (3) од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/10, 135/11 и 55/16), Владата на Република Македонија на седницата одржана на ________ година, донесе

**ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА И ФОНДАЦИИТЕ ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Со оваа програма се утврдува намената на средствата обезбедени во Буџетот на Република Македонија за 2019 година, Раздел 040.01 - Влада на Република Македонија, Потпрограма 10 - Администрација, ставка 463 – Трансфери до невладини организации, наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите, во вкупен износ од 12.000.000,00 денари.

2. Средствата од точка 1 од оваа програма ќе се користат за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите, преку 40 грантови во износ од 300.000,00 денари, за програми (проекти) во следниве приоритетни цели:

**Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните:**

- создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис-секторот, социјалните партнери, заштита на работничките права, недискриминација, зголемена ефикасност, транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава;
- унапредување на заштитата на потрошувачите и ефикасно спроведување на прописите од областа на заштитата на потрошувачите;
- унапредување на концептот и практиките за општествена одговорност;
- надминување на традиционалниот пристап во земјоделството и унапредување на најновите технологии со зголемен трансфер на знаење во земјоделството;
- подобрување на квалитетот на здравствената заштита и здравствените услуги, подобра достапност и сообразност при обезбедувањето здравствени услуги за населението;
- развивање на социјалното претприемништво;
- спроведување на културна политика во која клучните вредности се слободата на творештвото, еднаквоста и универзалното добро, а најважните движечки принципи се транспарентноста, пристапноста и демократското учество на сите чинители на културата;
- зголемување на јавната свест и едукација на населението од областа на животната средина и реализација на кампањи од областа на заштитата на животната средина;
- натамошен развој на активниот туризам како потенцијал за силен локален економски развој;
- унапредување на родовата еднаквост во сите области од општественото живеење и вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките и буџетите;
- воведување на концептот на еднаквост и недискриминација во сите области на општественото живеење, а особено во областа на образованието,

| |
|---|
| здравството, социјалната заштита, работните односи и правосудството. |
| **Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија:**<br>– промовирање на европските вредности во процесот на пристапување во Европската Унија преку транспарентност и зајакнување на соработката со граѓанскиот сектор и академската заедница;<br>– обезбедување квалитетна животна средина на граѓаните преку заштита и унапредување на животната средина во функција на исполнување на принципите на одржливиот развој преку постигнување на стандардите на Европската Унија. |
| **Одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупцијата:**<br>– одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупцијата, реформи во насока на владеење на правото, изградба на независни институции и зголемување на јавната безбедност. |
| **Јакнење на владеењето на правото, преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и функционален систем на локална самоуправа:**<br>– понатамошен развој на демократските принципи на полициското работење за подобрување на нивото на доверба помеѓу граѓаните и полицијата, вклучувајќи и почитување на човековите права;<br>– јакнење на владеењето на правото преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите;<br>– унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита. |
| **Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија:**<br>– развој на електронските комуникации во Република Македонија;<br>– приближување на знаењето на учениците/студентите до барањата на пазарот на трудот и унапредување на соработката меѓу високообразовните институции, истражувачките центри, приватниот сектор и јавните институции;<br>– подобрување на студентскиот живот и стандард на младите и спроведување на мерки со кои тие полесно ќе дојдат до прво вработување и нивно задржување во земјата. |
| **Реформи во правосудството:**<br>– создавање услови за независно, департизирано и ефикасно судство и правда достапна до сите. |
| **Целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор и градење на граѓанска држава и етничка кохезија врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување:**<br>– градење на унитарно, мултикултурно и толерантно општество преку суштинска политичка поддршка со која Република Македонија ќе се гради како граѓанска држава на сите што живеат во неа: Македонци, Албанци, Турци, Срби, Власи, Роми, Бошњаци и сите други заедници во насока на поголема интеркултурна комуникација и градење на дух на меѓусебно почитување и<br>– подобрување на состојбата на Ромите. |
| **Намалување на аерозагадувањето:**<br>– зголемување на учеството на обновливите видови на енергија во финалната |

потрошувачка на енергија;
- натамошно зголемување на инвестициите во животната средина и преземање на активности за намалување на климатските промени преку постигнување на пониско ниво на емисија на штетни гасови.

3. Постапката за распределување на средствата од точка 1 од оваа програма ќе се спроведе согласно на добрата практика за обезбедување финансиска поддршка од Владата на Република Македонија, утврдена со Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации.

4. За реализација на оваа програма се грижи Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

5. Здруженијата и фондациите на кои ќе им бидат доделени средства согласно оваа програма, по завршувањето на своите програмски активности ќе доставaт извештај за користењето на средствата до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, најдоцна до 31 јануари 2020 година.

6. Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија ќе достави Извештај за реализација на оваа програма до Владата на Република Македонија со финансиски показатели и образложение на постигнатите резултати, до 28 февруари 2020 година.

7. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. ___________
_________ година
Скопје

Претседател на Владата на
Република Македонија
Зоран Заев

О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 18 ставови 1 и 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. ______), средствата од Буџетот на Република Македонија за 2019 година утврдени во Разделот 040.01-Влада на Република Македонија, Потпрограма 10-Администрација, ставка 463-Трансфери до невладини организации, во износ од 12.000.000,00 денари, наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата на граѓани и фондации ќе се користат врз основа на одлука на Владата на Република Македонија, на предлог на комисија формирана од Владата, а здруженијата на граѓани и фондациите до Владата на Република Македонија - Генерален секретаријат доставуваат програми за намената на бараните средства, по претходно распишан оглас.

Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ“ бр.52/2010, 135/2011 и 55/2016), во глава VII Средства за работа на организациите, како извори на финансирање на организациите, меѓу останатите, ги предвидува и средствата од Буџетот на Република Македонија, при што, во член 49 став (3) се пропишува дека „Владата на Република Македонија, односно надлежните органи на државната управа и општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесуваат годишни планови и програми за распределба на средствата од ставот (1) на овој член“.

Во Одлуката за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмските активности на здруженија на граѓани и фондации од Буџетот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/2009) се утврдуваат основните организациски критериуми кои треба да ги исполнуваат здруженијата и фондациите корисници на средства од Буџетот на Република Македонија, како и постапката и начинот за проценка на квалитетот на проектите на здруженијата и фондациите. Воедно, во член 2 од Одлуката е утврдено дека распределбата на средствата од Буџетот се врши преку грантови за програми (проекти) во приоритетни цели утврдени со Програма за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации.

Исто така, член 3 од Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/2007) определува дека Владата и секој орган на државната управа изготвува Програма за финансирање на здруженија на граѓани и фондации, која ќе ги содржи описот на приоритетите, план за распределба на средства и вид на финансирање, како и областите на финансирање.

Програмата за финансирање на здруженија и фондации е предуслов за објавување на оглас, кој согласно на Одлуката и Кодексот се објавува 30 дена од донесување на Буџетот на Република Македонија.

Во табелата е прикажана висината на средствата и бројот на здруженија и фондации корисници на средства, согласно Одлука за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија наменети за финансирање на програмските активности на здруженија на граѓани и фондации, во периодот 2008-2016 година, изразено во илјади денари.

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Доделени средства | 15.000 | 11.870 | 17.187,5 | 15.000 | 12.000 | 12.000 | 12.000 | 12.000 | 12.000 | 0 | 0 |
| Број на организации корисници | 83 | 55 | 55 | 48 | 40 | 40 | 40 | 40 | 40 | 0 | 0 |

На веб страницата на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија www.nvosorabotka.gov.mk на 6.07.2017 година е поставена база на податоци која содржи детален преглед на целите и активностите на проектите на здруженијата и фондациите кои биле финансиски поддржани од Владата на Република Македонија во периодот 2012-2016 година, како и структурата на искористените средства.

Предлог-програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2019 година е во функција на обезбедување транспарентна распределба на средствата утврдени во Разделот 040.01-Влада на Република Македонија, Потпрограма 10-Администрација, ставка 463-Трансфери до невладини организации во Буџетот на Република Македонија за 2019 година, во согласност со стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата, утврдени со Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија во 2019 година („Службен весник на РМ“ бр.84/18).

Со предложената програма се предвидува распределба на вкупно 12.000.000,00 денари на 40 здруженија и фондации, во осум приоритетни области, а висината на поединечен грант се предлага да изнесува 300.000,00 денари.

Со донесувањето на оваа програма се очекува да се поттикне учеството на граѓанскиот сектор во реализирање на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија за 2019 година, преку овозможување на финансиска поддршка за проекти со кои здруженијата и фондациите директно ќе учествуваат во реализацијата на приоритетните цели.